Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

Извадок на ден од дневни настани 20.10.2023

По пресемени мерки и активности, денеска (20.10.2023) полициски службеници од Одделот за криминалистичка полиција- Сектор за недозволена трговија со дрога, оружје и опасни материи во координација со полициски службеници од Единицата за недозволена трговија со дрога и оружје при СВР Скопје, извршија претрес на дом и други простории кај С.З. во село Ласкарци, скопско. При претресот, во близина на помошен објект кој го користи, пронајдени се еден конвертиран пиштол, две празни рамки за автоматска пушка и 16 куршуми. Исто така, при претрес во неговиот дом, пронајдени се и три пиштоли и ловна пушка. С.З е приведен и по документирање на случајот, ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 19.10.2023 во с.Могила, битолско, полициски службеници од криминалистичката полиција при СВР Битола ги лишиле од слобода Б.Б.(50), Г.П.(40), Т.И.(48) и Р.О.(34), сите од с.Могила, поради сомнение дека извршиле шест кривични дела „тешка кражба". При претреси во нивните домови, извршени со судска наредба, белези пронајдени и одземени повеќе предмети за кои постои сомнение дека потекнуваат од кражби извршени во земјоделски комбинат во с.Радобор, општина Могила. Пронајдените белези беа вратено на сопственикот, а лицата биле задржани во Полициската станица Битола. По целосно документирање на случајот, против нив ќе бидат поднесени соодветни кривични пријави.

На 19.10.2023 во 16.20 часот во Струмица, полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Струмица го лишиле од слобода Г.П.(41) од Струмица. Тој се сомнева дека претходно во Струмица, од возило за дистрибуција на цигари одзел повеќе кутии цигари. Кај него биле пронајдени 179 кутии разновидни цигари. Лицето било задржано во Полициската станица Струмица, а за настанот бил запознаен Јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Струмица. По целосно документирање на случајот против Г.П. ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 19.10.2023 во 22.10 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.Ч.(24) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 19.10.2023 во 20.30 часот на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје лишиле од слобода малолетник од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 19.10.2023 во 16.40 часот на ул.„7 Ноември" во Охрид, полициски службеници од СВР Охрид ги лишиле од слобода П.Т.(24) од с.Велгошти, охридско Е.Ш.(43) од Охрид. При преглед во возилото „фолксваген голф" со охридски регистарски ознаки, кое го управува П.Т., а сопатник бил Е.Ш., била пронајдена и одземена марихуана. Исто така, марихуана била пронајдена и кај сопатникот Е.Ш.. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 19.10.2023 во 22.10 часот во Велес, полициски службеници од СВР Велес го лишиле од слобода Р.Д.(37) од Велес затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и бела грутчеста материја. Лицето било приведено во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 19.10.2023 во СВР Битола било пријавено дека во с.Лера, битолско, пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување безбедно подигнал две неексплодирани артилериски гранати со калибар 105 мм. од Првата светска војна, кои претходно биле пронајдени во близина на црквата во селото.

На 19.10.2023 во 20.30 часот на Граничен премин Богородица, полициски службеници го лишиле од слобода С.А.(35) од Косово затоа што при контролата на увид дал фалсификувана германска возачка дозвола, а македонската дозвола за привремен престој на странец била со изминат рок на важење. Тој бил предаден на полициски службеници од Полициската станица Гевгелија за понатамошна постапка, за настанот бил известен јавен обвинител.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (19.10.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 162 мерки, меѓу кои за возење без возачка дозвола 19 санкции, девет мерки за минување на затворен сигнал - црвено светло, осум санкции за користење на мобилен телефон при управување возило, седум мерки за некористење сигурносен појас...

Секторот за внатрешни работи Битола во текот на вчерашниот ден (19.10.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на СВР Битола санкционирани се 74 возачи, меѓу кои 15 мерки за возење повеќе од дозволената брзина, 20 мерки за непрописно паркирање, 19 санкции за непрописно престигнување, 17 санкции за непоседување возачка дозвола...

На 19.10.2023 во 10.50 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Кемал Сејфула" во Скопје, патничко моторно возило „форд" со скопски регистарски ознаки, управувано од А.Н.(42) од Скопје, удрило во Б.Г.(86) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила Б.Г. констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 19.10.2023 во 08.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосница од бул. „Партизански одреди" и ул.„Никола Парапунов" се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило „мерцедес" со скопски регистарски ознаки, управувано од В.Н. (43) од Скопје и електричен тротинет управуван од Д.К.(40) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила возачот на тротинетот, констатирани во Градската општа болница „8 Септември". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 19.10.2023 во 12.30 часот во Полициската станица Гази Баба, Љ.Т.(61) од Скопје пријавил дека на ул.„Перо Наков" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 19.10.2023 во 16.20 часот во Полициската станица Гази Баба, В.У.(58) од Скопје пријавил дека на бул.„Киро Григоров" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 19.10.2023 во 20.00 часот во Полициската станица Чаир, Х.Ј.(24) од Скопје пријавил дека на ул.„Словенечка" бил каснат од куче скитник.

СВР Битола поднесе кривична пријава против И.Т. (20) од Битола поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори". На 21.06.2023 во близина на Струмица, полициски службеници ги затекнале пријавените и до нив биле пронајдени повеќе стебла од растенето канабис кои заедно ги засадиле и одгледувале. Исто така, кај второпријавениот била пронајдена и одземена марихуана.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против А.А.(36) и Н.А.(35), двајата од Струмица, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори". На 21.06.2023 во близина на Струмица, полициски службеници ги затекнале пријавените и до нив биле пронајдени повеќе стебла од растенето канабис кои заедно ги засадиле и одгледувале. Исто така, кај второпријавениот била пронајдена и одземена марихуана.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Џ.Р.(34) од Битола поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 28.12.2022 во Битола, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле пиротехнички средства.

Регионалниот центар за гранични работи Север поднесе кривична пријава против З.А. (44) од Прилеп поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа". Пријавениот набавил фалсификувана словачка возачка дозвола на негово име и ја дал на увид при пасошка контрола на Граничен премин Табановце, каде што од полициски службеници било констатирано дека е фалсификат.

На 19.10.2023 во 15.30 часот во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар го лишиле од слобода 33-годишниот гостиварец С.А., кој претходно бил пријавен од 42-годишниот гостиварец Х.А. дека го измамил и му одзел личен предмет. Одземениот предмет бил пронајден и вратен на сопственикот, а против С.А. ќе следува соодветен поднесок.

На 19.10.2023 во 14.05 часот во ОВР Берово, од Итна медицинска помош било пријавено дека кај нив со тешки телесни повреди бил донесен Б.Г.(34) од Тетово. Според пријавеното, тој се здобил со повредите при извршување градежни работи на објект во изградба на ул.„Маршал Тито" во Берово. Увид извршила екипа од ОВР Берово.

На 19.10.2023 во 23.18 часот во СВР Скопје било пријавено дека Д.Ф. од Скопје со употреба на сила влегол во куќата на С.Н.(72) на подрачјето на Драчево, по што оштетил дел од покуќнината и упатил закани кон нејзиниот син А.Н.(24), со кого се познавале. Се пресемаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.10.2023 во периодот од 10.00 до 14.00 часот на тетовското подрачје спроведена е локална акциска контрола во која биле откриени и санкционирани 23 возачи, од кои најголемиот број зборуваше на мобилен телефон додека управуваше возило или имале поставено неатестирани фолии на стаклата од возилата, како и двајца возачи кои на крстосници не почитувале првенство на минување.

На 19.10.2023 во периодот од 14.00 до 19.00 часот, Секторот за внатрешни работи Битола спроведе акциска контрола на територијата на СВР Битола за санкционирање на возачите кои вршат непрописно престигнување. При контролата, санкционирани се 19 возачи кои извршиле непрописно престигнување, а за време на контролата санкционирани се и 10 други видови на прекршоци.

На 19.10.2023 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 16 прекршоци од кои 10 во населено место и 6 надвор од населено место. Санкционирани биле и 12 други видови на прекршоци, од кои, 5 за управување возило без возачка дозвола, 1 за нерегистрирано возило, 2 за некористење сигурносен појас и 4 за непрописно паркирање.

На 19.10.2023 во 21.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека околу 20.45 часот на подрачјето на Центар, Ф.К.(31) и М.М.(32), двајата од Скопје, биле физички нападнати од едно лице, кое употребило тврд и остар предмет. Се пресемаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.10.2023 во 18.35 часот во СВР Скопје, Н.Ј.(52) од Скопје пријавила дека околу 13.20 часот во кругот на средно училиште на подрачјето на Ѓорче Петров нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од едно лице. Се пресемаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.10.2023 во 13.45 часот во ОВР Крива Паланка било пријавено дека во Крива Паланка, А.А. од Крива Паланка извршил полови дејствија врз малолетничка. Се пресемаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (20.10.2023) во 02.05 часот во СВР Скопје било пријавено дека две лица со употреба на сила влегле во домот на Џ.Н.(47) од Скопје на подрачје на Бит Пазар, физички ја нападнале и й одзеле пари. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје и се пресемаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.10.2023 во Скопје, полициски службеници од Единицата за насилен криминал при СВР Скопје го лишиле од слобода С.Б.(19) од Скопје и, во присуство на родител, извршиле службен разговор со малолетник од Скопје. Тие се сомневаат дека на 18.10.2023 околу 15.00 часот пред средно училиште на подрачјето на Чаир физички нападнале друг малолетник од Скопје, при што С.Б. со остар предмет му нанел повреди. С.Б. бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава

СВР Битола поднесе кривична пријава против И.М.(22) од Битола поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори" и „овозможување на употреба наркотични дроги". На 05.03.2023 во Битола, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле таблети метилен-диоксиметамфетамини - МДМА.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет